# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КУМАНОВО

| „Службен гласник на Општина Куманово“<br>Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово<br>Тел. 423-505<br>Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ Ордевска | Година LXX<br>Број 17<br>Куманово<br>1 декември<br>2025 г. | Претплата за 2025 година<br>изнесува 2.000 денари.<br>трезорска с-ка 100-0000000630-95<br>с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18<br>приходна шифра 725939 |
|---|---|---|


598.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување во 2025 година на ООУ „Кочо Рацин” – Куманово**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување во 2025 година на ООУ „Кочо Рацин” – Куманово, Бр. 09 - 16823/12, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 ноември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-17325/1
28 ноември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

599.

Врз основа на член 20-6 став 1 алинеја 3, став 2 и став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 ноември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување во 2025 година на ООУ „Кочо Рацин” – Куманово**

Член 1

Се дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување во 2025 година на ООУ „Кочо Рацин" – Куманово, бр. 01 – 514/1.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 16823/12
27 ноември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**600.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за субвенционирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за субвенционирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово, Бр. 09 - 16823/16, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 ноември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-17331/1
28 ноември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**601.**

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ" бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25), член 22 став 1 точка 4 и член 24 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" 202/24) и член 25 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 ноември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за субвенционирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово**

Член 1

Со оваа одлука од страна на Општина Куманово се субвенционира општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на цела територија на општина Куманово.

Член 2

Општинскиот линиски превоз за сите граѓани – корисници на јавен превоз ќе биде бесплатен и ќе се одвива согласно Одлука за уредување на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово („Сл. гласник на Општина Куманово" бр.17/21, 3/22, 4/23 и 18/23).

Оваа одлука не се однесува за превоз на ученици во основни и средни училишта согласно Закон за основно образование и Закон за средно образование.

Член 3

Субвенционирање на секоја линија посебно ќе се врши по секој изминат километар во вредност од 50 денари со ДДВ по претходно утврден возен ред.

Исплатата на субвенција ќе се врши месечно по доставена фактура и спецификација за изминати километри од страна на вршителите на услуга.

Член 4

За субвенционирање на општинскиот линиски превоз на патници Општина Куманово од Буџетот на Општина Куманово ќе издвои 6.500.000 денари со ДДВ за период од 1 (еден) месец почнувајќи од 01.12.2025 год. заклучно со 31.12.2025 год.

Член 5

Општинскиот линиски превоз на патници кој го субвенционира Општината ќе го спроведуваат сите вршители на услуги кои имаат склучено Договор за уредување на меѓусебните односи за општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово врз основа на спроведен оглас за уредување на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово бр.08-9194/2 од 14.12.2021 год., како и оглас за уредување на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово бр.08-40/56 од 31.03.2022 год. и имаат добиено Дозвола за општински линиски превоз на патници согласно единствената мрежа на линии согласно Одлуката за уредување на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово („Сл. гласник на Општина Куманово" бр.17/21, 3/22, 4/23 и 18/23).

За вршење на општинскиот линиски превоз на патници кој ќе биде субвенциониран од Општина Куманово ќе биде склучен посебен договор со вршители на услуги од став 1 на овој член.

Член 6

Надзор над вршење на општинскиот линиски превоз на патници ќе врши Општина Куманово преку општинската администрација.

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 16823/16
27 ноември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

602.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за субвенционирање на линиски превоз на патници за линии утврдени со Спогодба за утврдување на заедничко организирање на извршување на линиски превоз на патници помеѓу Општина Куманово и Општина Старо Нагоричане**

1. Се објавува Одлуката за субвенционирање на линиски превоз на патници за линии утврдени со Спогодба за утврдување на заедничко организирање на извршување на линиски превоз на патници помеѓу Општина Куманово и Општина Старо Нагоричане, Бр. 09 - 16823/17, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 ноември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-17333/1
28 ноември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

603.

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ" бр.68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25), член 22 став 1 точка 4 и член 24 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 25 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 ноември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за субвенционирање на линиски превоз на патници за линии утврдени со Спогодба за утврдување на заедничко организирање на извршување на линиски превоз на патници помеѓу Општина Куманово и Општина Старо Нагоричане**

Член 1

Со оваа одлука од страна на Општина Куманово се субвенционира линиски превоз на патници на релација Куманово – Клечовце – Довезенце и Куманово – Клечовце – Бељаковце согласно утврден возен ред за линиите.

Член 2

Линиски превоз за сите граѓани – корисници на јавен превоз ќе биде бесплатен и ќе се одвива согласно одобрен возен ред за линиите Куманово –Клечовце - Довезенце и Куманово – Клечовце - Бељаковце утврдени со Спогодба за утврдување на заедничко организирање на извршување на линиски превоз на патници помеѓу Општина Куманово и Општина Старо Нагоричане (бр.03-3738/6 од 13.11.2013 година и бр.08-598/4 од 18.11.2013 година, Анекс 1, бр.03-337/1 од 15.01.2014 год. и бр.03-44/1 од 16.01.2014 год., Анекс 2 бр.03-1201/1 од 29.01.2016 година и бр.03-115 од 29.01.2016 година, Анекс 3 бр.03-8083/1 од 20.10.2016 год. и бр.03-1160 од 21.10.2016 год., Анекс бр.4 бр.03-2271/1 од 13.02.2017 година и бр.09-128 од 13.02.2017 година, Анекс бр.5 Уп1 03-5695 од 22.11.2017 година и бр.09-1008 од 22.11.2017 год. и Анекс бр.6 бр.03-2271/6 од 07.12.2017 и бр.09-1069 од 06.12.2017 година).

Оваа одлука не се однесува за превоз на ученици во основни и средни училишта согласно Закон за основно образование и Закон за средно образование.

Член 3

Субвенционирање на линиите Куманово – Клечовце - Довезенце и Куманово – Клечовце – Бељаковце посебно ќе се врши по секој изминат километар во вредност од 50 денари со вклучен ДДВ по претходно утврден возен ред.

Исплатата на субвенција ќе се врши месечно по доставена фактура и спецификација за изминати километри од страна на вршителите на услуга.

Член 4

За субвенционирање на линиски превоз на патници Општина Куманово од Буџетот на Општина Куманово ќе издвои 640.000,00 денари со вклучен ДДВ за период од 1 (еден) месец почнувајќи од 01.12.2025 год. заклучно со 31.12.2025 год.

Член 5

Линиски превоз на патници кој го субвенционира Општината ќе го спроведуваат вршителите на услуга кои имаат имаат добиено Дозвола за вршење на линиски превоз на патници согласно единствената мрежа на линии од Спогодбата од член 2 на оваа Одлука.

За вршење на линиски превоз на патници на линиите Куманово – Клечовце - Довезенце и Куманово – Клечовце – Бељаковце кој ќе биде субвенциониран од Општина Куманово ќе биде склучен посебен договор со вршители на услуги од став 1 на овој член.

Член 6

Надзор над вршење на линиски превоз на патници ќе врши Општина Куманово преку општинската администрација.

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 16823/17
27 ноември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

604.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на максималната висина на износот на бесплатниот превоз на ученици на релација с. Вак`в – с. Пчиња и обратно за која нема обезбедено општински линиски превоз**

1. Се објавува Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на максималната висина на износот на бесплатниот превоз на ученици на релација с. Вак`в – с. Пчиња и обратно за која нема обезбедено општински линиски превоз, Бр. 09 - 16823/19, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 ноември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-17335/1
28 ноември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

605.

Врз основа на член 73 став 5 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ" бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 25 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21) и Одлука за уредување на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 17/21), и Одлука за изменување на висината на превозот на учениците во државните основни и средни училишта за релации каде нема обезбедено линиски превоз за учебната 2025/2026 („Службен весник на РМ" бр.181/25) Советот на Општина Куманово на седницата одржана на 27 ноември 2025 година, донесе

ОДЛУКА
**за изменување на Одлука за утврдување на максималната висина на износот на бесплатниот превоз на ученици на релација с. Вак'в с. Пчиња и обратно - за која нема обезбедено општински линиски превоз**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува максималната висина на износот на бесплатниот превоз на учениците, учениците со попреченост и лицата за нивна придружба во општинско основно училиште, на релација с. Вак'в с. Пчиња и обратно каде нема обезбедено линиски превоз, од местото на живеење до училиштето во кое ученикот е запишан и обратно, а за учебната 2025/2026 година.

Член 2

Доколку возилото превезува до пет ученици, цената на превозот се определува согласно реалните трошоци за реализација на превозот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 16823/19
27 ноември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

606.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за резервирани (обезбедени) средства за експропријација во Буџетот на Општина Куманово за 2025 година**

1. Се објавува Одлуката за резервирани (обезбедени) средства за експропријација во Буџетот на Општина Куманово за 2025 година, Бр. 09 - 16823/20, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 ноември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-17336/1
28 ноември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

607.

Врз основа на член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 3/16 и 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21, 111/23 и 208/24) и член 68 од Статутот на Општината Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 ноември 2025 година, донесе

## ОДЛУКА
## за резервирани (обезбедени) средства за експропријација во Буџетот на Општина Куманово за 2025 година

Член 1

Со оваа Одлука се потврдува дека се резервирани (обезбедени) средства за експропријација во Буџетот на Општина Куманово за 2025 година и тоа за експропријација на градби од локално значење предвидени во Програма за уредување на градежно земјиште за 2025 година.

Член 2

Финансиските средства за оваа намена, во износ од 21.000.000,00 денари, се обезбедени од Буџетот на Општина Куманово за 2025 година во Програмата за Урбанистичко планирање - Ф, Потпрограма – ФА0 – Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци), потставка 485420 – Надомест за одземен имот (експропријација).

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Член 4

Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлука за резервирани(обезбедени) средства за експропријација во Буџетот на Општина Куманово за 2025 година бр.09-10327/23 од 01.07.2025 година(Службен гласник на општина Куманово бр.11/2025).

Бр. 09 – 16823/20
27 ноември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**608.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

## Заклучок
## за објавување на Одлука за прифаќање на донација

1. Се објавува Одлуката за прифаќање на донација, Бр. 09 - 16823/21, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 ноември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-17337/1
28 ноември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

609.

Врз основа на член 36 ст.1 точка 10 и т.15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02, „Службен весник на РСМ" бр. 202/2024 година) и член 68 од Статутот на Општината Куманово(„Службен гласник на Општина Куманово бр.13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 ноември 2025 година, донесе:

## О Д Л У К А
## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ДОНАЦИЈА

Член 1

Со оваа одлука на општина Куманово се прифаќа донација од Тиролска Покраинска Влада 6010 Инсбрук, Австрија, ЕОРИ број ATEOC1000072105 на две Противпожарни возила и тоа:

1.Тип:Mercedes BENZ /412/D/35
Број на шасија:WDB 904 462-1P-674 998
Број на мотор:602.980-00-090862
Боја:Црвена
Година на производство:1997
Вредност:15.000-Евра и

2.Тип:Mercedes BENZ 1324 AF/36,4
Број на шасија:WDB 677 184 1K 203 363
Број на мотор:357 943 10 425 638
Боја:Црвена
Година на производство:1996
Вредност:30.000-Евра.

Член 2

Меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од оваа одлука ќе се уредат со договор договор за донација согласно Закон за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11 ,28/14 и 153/15).

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Куманово.

Бр. 09 - 16823/21
27 ноември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

610.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2025 година**

1. Се објавува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2025 година, Бр. 09 - 16823/23, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 ноември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-17339/1
28 ноември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**611.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), (Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 34 од Законот за буџети (Службен весник на РМ бр.64/2005, 4/2008, 103/2008, 159/2009, 95/2010,180/2011,171/2012,192/2015 и 167/2016, бр.151/21,203/22,76/24 и 3/25) Советот на Општина Куманово на 2-та седница одржана на 27 Ноември 2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
За проширување на средствата на Буџетот на Општина **Куманово**
За **2025** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаКуманово за 2025 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | | |
| **A00** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 723119 | Други помошни активности во образованието | 316.000 | 0 | 0 | 0 |
| | | **316.000** | **0** | **0** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потаставки : | | | | | |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 46.000 | 0 | 0 | 0 |
| 423620 | Училишни материјали | 170.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 100.000 | 0 | 0 | 0 |
| | | **316.000** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Куманово и станува составен дел на Буџетот на општината за 2025 година

Бр. 09-16823/23

Претседател на Советот на Општината
**Ивана Ѓорѓиевска**

612.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Куманово за 2025 година**

1. Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Куманово за 2025 година, Бр. 09 - 16823/24, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 ноември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-17341/1
28 ноември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

613.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), (Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 34 од Законот за буџети (Службен весник на РМ бр.64/2005, 4/2008, 103/2008, 159/2009, 95/2010,180/2011,171/2012,192/2015 и 167/2016, бр.151/21,203/22,76/24 и 3/25) Советот на Општина Куманово на 2-та седница одржана на 27 Ноември 2025 година донесе:

# О Д Л У К А
**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Куманово**
**за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2025 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **A00** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 404150 | Други надоместоци | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **A10** | **ИЗБОРНИ АКТИВНОСТИ И РЕФЕРЕНДУМИ** | | | | | |
| 464990 | Други трансфери | 1.370.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 401120 | Основни плати - државни службеници | -10.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | -6.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардвер | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425490 | Други здравствени услуги | -600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | -400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | -3.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **EA0** | **КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | -3.700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **F20** | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** | | | | | |
| 464910 | Плаќање по судски решенија | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **FA0** | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ ТР(** | | | | | |
| 485420 | Надомест за одземен имот | -4.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J30** | **ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 424390 | Одржување на други градби | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J40** | **ЈАВНА ЧИСТОТА** | | | | | |
| 424590 | Одржување на други зелени површини | 8.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J50** | **ЈАВЕН ЛОКАЛЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ** | | | | | |
| 464990 | Други трансфери | 12.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JD0** | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА** | | | | | |
| 482110 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на ули | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JE0** | **ИЗГРАДБА НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ** | | | | | |
| 482920 | Изградба на други објекти | -1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JF0** | **ИЗГРАДБА НА СООБРАКАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА** | | | | | |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 2.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **L00** | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | | | | | |
| 464990 | Други трансфери | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **LA0** | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)** | | | | | |
| 482920 | Изградба на други објекти | -2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | -3.471.462 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | -1.500.595 | 0 | 0 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 0 | 0 | -590.365 | 0 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 0 | 3.200.000 | 0 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 0 | 0 | 330.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 0 | 137.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 779.422 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 96.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 1.020.000 | 0 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | -1.140.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | -570.000 | 0 | 0 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 0 | 0 | 961.000 | 0 | 0 |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 0 | 45.000 | 0 |
| 423620 | Училишни материјали | 0 | 0 | 0 | -11.270 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 0 | 267.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 0 | 760.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | -1.022.000 | 0 | 0 |
| 425790 | Други образовни услуги | 0 | 0 | 0 | -45.830 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 0 | 12.100 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 44.000 | 0 | 0 |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 0 | 700.000 | 0 | 0 |
| **NA0** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | -800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **R10** | **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА** | | | | | |
| 424390 | Одржување на други градби | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424590 | Одржување на други зелени површини | 1.400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | -1.180.000 | 0 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 0 | 1.100.000 | 0 | 0 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 0 | 40.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| **V20** | **ДОМОВИ ЗА СТАРИ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | 255.484 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 114.516 | 0 | 0 |
| 425970 | Консултантски услуги | 0 | 0 | -39.500 | 0 | 0 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 0 | -263.000 | 0 | 0 |
| 481230 | Реконструкција на деловни објекти | 0 | 0 | -67.500 | 0 | 0 |
| **W00** | **ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | -1.000.000 | 0 | -30.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 300.000 | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Куманово и станува составен дел на Буџетот на општината за 2025 година

Бр. 09-16823/24
27.11.2025

Претседател на Советот на Општината
**Ивана Ѓорѓиевска**

614.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за распишување на јавен повик од Општина Куманово за избор на членови на управни и надзорни одбори на ЈП „Водовод“-Куманово, ЈП „Чистота и**

**зеленило"-Куманово, ЈП „Куманово-паркинг"-Куманово, ЈП „Куманово-гас"-Куманово, ЈП „Куманово-план"-Куманово и ЈП „Пазаришта"-Куманово**

1. Се објавува Одлуката за распишување на јавен повик од Општина Куманово за избор на членови на управни и надзорни одбори на ЈП „Водовод"-Куманово, ЈП „Чистота и зеленило"-Куманово, ЈП „Куманово-паркинг"-Куманово, ЈП „Куманово-гас"-Куманово, ЈП „Куманово-план"-Куманово и ЈП „Пазаришта"-Куманово, Бр. 09 - 16823/38, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 ноември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-17365/1
28 ноември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**615.**

Врз основа на член 17а и 26а од Законот за Јавни Претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, бр.9/97, 6/02, 19/02,40/03,49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/1835/19, "Службен весник на РСМ"бр.275/19 и 89/22) и член 25, став 26 и член 68 од Статут на Општина Куманово( " Службен гласник на Општина Куманово бр 13/2003, 13/2007, 8/2015, 11/2019 и 12/2021) Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 ноември 2025 година донесе:

## О Д Л У К А
## за распишување на јавен повик за избор на членови на управни и надзорни одбори на ЈП Водовод-Куманово, ЈП Чистота и зеленило-Куманово, ЈП Куманово паркинг-Куманово, ЈП Куманово гас-Куманово, ЈП Куманово план- Куманово, ЈП Пазаришта-Куманово

Член 1

Советот на општина Куманово да распише јавен повик за заинтересирани лица за членови на управни одбори во ЈП Водовод-Куманово, ЈП Чистота и зеленило-Куманово, ЈП Куманово паркинг-Куманово, ЈП Куманово гас-Куманово, ЈП Куманово план- Куманово, ЈП Пазаришта-Куманово

Член 2

Советот на општина Куманово да распише јавен повик на заинтересирани лица за членови на надзорни одбори во ЈП Водовод-Куманово, ЈП Чистота и зеленило-Куманово, ЈП Куманово паркинг-Куманово, ЈП Куманово гас-Куманово, ЈП Куманово план- Куманово, ЈП Пазаришта-Куманово

Член 3

Јавниот повик ќе биде објавен на Веб страната на Општината и соодветното Јавно Претпријатие.

Формата и содржината на јавниот повик од членовите 1 и 2 на ова одлука , начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите, како и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување на членови на управниот и надзорниот одбор, ги пропишува министерот за економија.

Член 4

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Куманово.

Бр. 09 –16823/38
27 ноември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**616.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово за 2025 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово за 2025 година, Бр. 09 - 16823/14, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 ноември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-17327/1
28 ноември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**617.**

Врз основа на член 94 и член 95, став 1 и став 5 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 224/24, 233/24 и 87/25), член 25, став 1, точка 8 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21) и Правилникот за степенот на уредувањето на градежно земјиште со објекти на комунална инфрастуктура и начинот на утврдувањето на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на РМ“ бр. 193/16 и 72/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 16/22 Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 ноември 2025 година, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА НА ГРАД КУМАНОВО ЗА 2025 ГОДИНА

I. Во Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово за 2025 година („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 14/24, 3/25, 8/25, 9/25 , 11/25 и 12/25) се вршат следните измени и дополнувања:

I Во табелата со наслов **Ѓ.2. ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА од страна на ЈПКуманово-План од Куманово**
Во табела ВКУПНО ЗА Ѓ.2 : (I + II + III + IV + V + VI ) за 2025 година износот 13.000.000,00 денари се зголемува за 1.500.000,00 ден. и се заменува со износот 14.500.000,00 денари.
Во табела ВКУПНО ЗА Ѓ. : Ѓ.1 +Ѓ.2 = 13.000.000,00 денари, износот 13.000.000,00 денари се зголемува за 1.500.000,00 ден. и се заменува со износот 14.500.000,00 денари.

| | |
|---|---|
| | ВКУПНО ЗА Ѓ.2 : (I + II + III + IV + V + VI ) за 2025 година е 14.500.000,00 денари . |

| | |
|---|---|
| | ВКУПНО ЗА Ѓ. : Ѓ.1 +Ѓ.2 = 14.500.000,00 денари |

II. Во табелата со наслов : **И. СЕМАФОРСКА ОПРЕМА И СИГНАЛИЗАЦИЈА под реден број 1.3. ОДРЖУВАЊЕ НА СЕМАФОРСКА ОПРЕМА И СИГНАЛИЗАЦИЈА се додава**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **И. СЕМАФОРСКА ОПРЕМА И СИГНАЛИЗАЦИЈА** | | | |
| **1.3. ОДРЖУВАЊЕ НА СЕМАФОРСКА ОПРЕМА И СИГНАЛИЗАЦИЈА** | | | |
| 1 | Одржување на семафорска опрема и сигнализација | 1 | |
| ВКУПНО И. 1.3: 2.200.000,00 | | | |

| |
|---|
| **ВКУПНО И.1.1 +И.1.2+И.1.3 = 0,00+0.00+2.200.000,00= 0,00 денари** |

III. Во наслов Њ. ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И ОБЈЕКТИ:

Во точка 2. Зимско одржување на улици 2024 -2025 год.
за Општина Куманово ( 0,00 ден. )
за ЈП Чистота и Зеленило ( 13.000.000,00ден. )
Износот 8.000.000,00 ден. се зголемува за 5.000.000,00 ден. и се заменува со износот 13.000.000,00 ден.

Во точка 5. Одржување на ЈПП по програма
Износот 7.000.000,00 ден. се зголемува за 3.000.000,00 ден. и се заменува со износот 10.000.000,00 ден.
Во точка 6. Одржување на ЗЦП по програма

Износот 35.000.000,00 ден. се зголемува за 5.000.000,00 ден. и се заменува со износот 40.000.000,00 ден.

Во точка 8. Хоризонтално обележување и поставување на заштитни столбчиња за ЈП"Чистота и зеленило" ( 5.000.000,00ден)
Хоризонтално обележување за правни субјекти ( 3.000.000,00 ден)
Се вкупно 8.000.000,00
Износот 2.000.000,00 ден. се зголемува за 3.000.000,00 ден. и се заменува со износот 5.000.000,00 ден за ЈПЧистота и зеленило
Во точка 9. Купување и украсување на град Куманово по повод празниците ЈП"Куманово Паркинг"
Износот 400.000,00 ден. се зголемува за 500.000,00 ден. и се заменува со износот 900.000,00 ден.

По точка 29 се додава нова точка со реден број 30 и тоа:
Во точка 30. Одржување на Спортска сала за ЈП"Куманово Паркинг " 1.000.000,00 ден.

Во редот Вкупно Њ, износот од 248.000.000,00 ден. се зголемува за 14.900.000,00 ден. и се заменува со износот 262.900.000,00ден.

II. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 –16823/14
27 ноември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**618.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Програма за изменување на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина и природата на Општина Куманово за 2025 година**

1. Се објавува Програмата за изменување на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина и природата на Општина Куманово за 2025 година, Бр. 09 - 16823/15, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 ноември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-17329/1
28 ноември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

619.

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24) и член 66 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово бр. 13/03, 13/07, 08/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 ноември 2025 година, донесе

**Програма за изменување на ПРОГРАМАТА**
**на активности од областа на заштитата на животната средина**
**и природата на Општина Куманово за 2025 година**

Во Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина и природата на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 14/24 и 3/25) се вршат следните измени и дополнувања:

1. Табелата по насловот „Преглед на вкупни потребни финансиски средства" се менува и гласи:

| | *Област / дејност* | *Потребни средства* |
|---|---|---|
| 1. | Заштита на амбиентен воздух | 10.464.000,00 |
| 2. | Отпад | 9.400.000,00 |
| 3. | Климатски промени | / |
| 4. | Унапредување на зелени површини | 2.600.000,00 |
| 5. | Заштита и оплеменување на локалитетите | 500.000,00 |
| 6. | Енергетска ефикасност | 2.084.625,00 |
| 7. | Заштита и благосостојба на животните | 1.000.000,00 |
| 8. | Мониторинг на животната средина | 300.000,00 |
| | Вкупно | 26.348.625,00 |

**2.** Во точка 2. **ОТПАД,** во потточка 2.2. **Расчистување на ѓубришта – диви депонии**, во делот „Потребни финансиски средства" износот од „2.000.000,00 денари" предвидени од Буџетот на Општина Куманово за 2025 година, се заменува со износот „5.000.000,00 денари".

**3.** Во точка 2. **ОТПАД**, во потточка 2.6. **Чистење и одржување на речно корито,** во делот „Потребни финансиски средства" износот од „3.500.000,00 денари" предвидени од Буџетот на Општина Куманово за 2025 година, се заменува со износот „3.900.000,00 денари".

Во делот „Извршител“ износот од „2.000.000,00 денари“ предвидени од Буџетот на Општина Куманово за 2025 година, се заменува со износот „2.400.000,00 денари“.

4. Во точка **4. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ** во потточка **4.3. Сечење, односно кастрење на оштетени дрва, грмушки и жива ограда на јавна површина на територијата на Општина Куманово** во делот „Потребни финансиски средства“ износот од „800.000,00 денари“ предвидени од Буџетот на Општина Куманово за 2025 година, се заменува со износот „1.800.000,00 денари“.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“

Бр. 09 – 16823/15
27 ноември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

620.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Програма за изменување на Програмата за субвенционирање на наставни, вонаставни и спортски активности по пливање во Затворениот базен – Куманово за учениците од основните и средните училишта од Општина Куманово за 2025 година**

1. Се објавува Програма за изменување на Програмата за субвенционирање на наставни, вонаставни и спортски активности по пливање во Затворениот базен – Куманово за учениците од основните и средните училишта од Општина Куманово за 2025 година, Бр. 09 - 16823/18, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 ноември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-17334/1
28 ноември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

621.

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 и 8 од Закон за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02, 202/24), член 25 став 1, точка 11 и член 66 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово"' бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19 I 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 ноември 2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за изменување на Програмата за субвенционирање на наставни, вонваставни и спортски активности по пливање во Затворениот базен – Куманово за учениците од основните и средните училишта од Општина Куманово за 2025 година**

Член 1

Во Програмата за субвенционирање на наставни, вонваставни и спортски активности по пливање во Затворениот базен – Куманово за учениците од основните и средните училишта од Општина Куманово за 2025 година бр.09-12889/48 од 16 декември 2024 година („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 14/24), се врши следната измена:

Во точка 8:

- бројот „13.800.000" се заменува со бројот „15.800.000 "

Член 2

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 16823/18
27 ноември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓоргиевска, с.р.**

622.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**

**за објавување на Измена и дополнување на Планот на програми за развој на Општина Куманово за 2025 година**

1. Се објавува Измена и дополнување на Планот на програми за развој на Општина Куманово за 2025 година, Бр. 09 - 16823/13, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 ноември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-17326/1
28 ноември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

623.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 25 став 1 точка 1 и член 66 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), а согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локална самоуправа за инфраструктурни проекти („Службен весник на РСМ" бр. 135/25), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 ноември 2025 година, донесе:

## ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ
## на Планот на програми за развој на Општина Куманово за 2025 година

Во Планот на програми за развој на Општина Куманово за 2025 година („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 14/24, 3/25 ,8/25 , 11/25 и 12/25) се вршат следните измени и дополнувања :

I.Во табелата со наслов **Ѓ.2. ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА од страна на ЈПКуманово-План од Куманово**
Во табела ВКУПНО ЗА Ѓ.2 : (I + II + III + IV + V + VI ) за 2025 година износот 13.000.000,00 денари се зголемува за 1.500.000,00 ден. и се заменува со износот 14.500.000,00 денари.
Во табела ВКУПНО ЗА Ѓ. : Ѓ.1 +Ѓ.2 = (0,00 + 13.000.000,00)= 13.000.000,00 денари, износот 13.000.000,00 денари се зголемува за 1.500.000,00 ден. и се заменува со износот 14.500.000,00 денари.

| | |
|---|---|
| | ВКУПНО ЗА Ѓ.2 : (I + II + III + IV + V + VI ) за 2025 година е 14.500.000,00 денари . |

| | |
|---|---|
| | ВКУПНО ЗА Ѓ. : Ѓ.1 +Ѓ.2 = (0,00 + 14.500.000,00)= 14.500.000,00 денари |

II. Во табелата со наслов: **И. СЕМАФОРСКА ОПРЕМА И СИГНАЛИЗАЦИЈА**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **И. СЕМАФОРСКА ОПРЕМА И СИГНАЛИЗАЦИЈА** | | | | | | | |
| | **1.3. ОДРЖУВАЊЕ НА СЕМАФОРСКА ОПРЕМА И СИГНАЛИЗАЦИЈА** | | | | | | | |
| 1 | Одржување на семафорска опрема и сигнализација | 1 | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО И. 1.3: | | | 2.200.000,00 | 0,00 | 2.200.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| ВКУПНО И. 1.1+1.2+1.3 = | | | 15.9000.000,00 | 0,00 | 2.200.000,00 | 7.450.000,00 | 6.250.000,00 |

